**КХВ одобри промени во Проспектот на Генерали Кеш Депозит**

На 25-тата седница на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, со претседавање на Претседателката на КХВ, м-р Нора Алити, беше донесено Решение со кое се дава одобрение на Одлуката за значајни промени во содржината на Проспектот на отворениот инвестициски фонд **Генерали Кеш Депозит**, кој се управува од страна на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови **„Генерали Инвестментс“ АД Скопје**.

Одобрението на Комисијата овозможува фондот да ги спроведе планираните промени во Проспектот, обезбедувајќи со тоа транспарентност и информираност за сите сегашни и идни инвеститори.

09.02.2024

Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови
**Генерали Инвестментс АД Скопје**